ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# ЗБИРЕН ИЗВЕШТАЈ

# ЗА ИЗВРШЕНИ РЕВИЗИИ НА ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ И РЕВИЗИИ НА УСОГЛАСЕНОСТ НА ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА

## СОГЛАСНО ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ДРЖАВНИОТ ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА ЗА 2023 ГОДИНА




Скопје, мај 2024 година

# Ревидиравме

***54 финансиски извештаи*** кои се однесуваат на 8 единици на локалната самоуправа

Вкупни приходи во износ од ***4.038.266 илјади денари*** од кои на *основен буџет* 1.647657 илјади денари и 2.390.609 илјади денари од *дотации*



Тековни и постојани средства во вкупен износ од ***9.728.753 илјади денари***, нивни извори и обврски

Вкупни расходи во износ од ***3.682.868 илјади денари*** од кои на *основен буџет* 1.386.606 илјади денари и 2.296.262 илјади денари од *дотации*

# Утврдивме состојби во:

**Финансиските извештаи**

**Јавни набавки**

**Администрирање со даноци, такси и други надоместоци**

**Процесот на буџетирање**



**Наменско користење на буџетските средства**

**Внатрешни контроли**

# Направивме




119.887 илјади денари
Субвенционирање на јавните претпријатија и финансирање на спортски клубови и здруженија на граѓани без критериуми, некомплетни барања и др.
15.679 илјади денари
Неплатени/ помалку уплатени надоместоци во буџетите на општините
302.127 илјади денари
Непочитување на одредбите од договорите за ЈПП за реконструкција, модернизација и одржување на јавно осветлување
КЛУЧНИ РЕЗУЛТАТИ ОД РЕВИЗИИТЕ НА ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА
60.526 илјади денари
Вкупен износ од утврдени неправилности кај ЈН
56.410 илјади денари
Незаконско користење на средства
557.768 илјади денари
Корективни книжења во Билансот на состојба
10.122 илјади денари
Извршени набавки за кои не е спроведена постапка за ЈН

# СОДРЖИНА

ИНФОГРАФИКА

РЕЗИМЕ

1. ВОВЕД........ 1
2. ОСНОВНИ ИНФОРМАЦИИ НА ОПШТИНСКИОТ БУЏЕТ........ 2
3. ОПФАТ И ЦЕЛ НА РЕВИЗИЈАТА........ 5
4. ФИНАСИСКИ ИЗВЕШТАИ........ 6
5. РЕВИЗОРСКИ МИСЛЕЊА........ 16
6. НАОДИ И ПРЕПОРАКИ........ 18
7. КОРЕКЦИИ ВО ТЕКОТ НА РЕВИЗИЈАТА 33
8. ПРЕГЛЕД НА РЕВИЗИИ ОД ПРЕТХОДНИ ГОДИНИ-СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРЕПОРАКИТЕ ........ 33
9. ПРАШАЊА ОД НЕИЗВЕСНОСТ И КОНТИНУИТЕТ........ 35
10. ОСТАНАТИ ПРАШАЊА........ 37
11. ЗАКЛУЧОК........ 40

ПРИЛОЗИ

Прилог бр.1 Остварени приходи и расходи на сметка на основен буџет (630)

Прилог бр.2 Остварени приходи и расходи на сметка на основен буџет (637)

Прилог бр.3 Остварени приходи и расходи на сметка на основен буџет (930)

Прилог бр.4 Остварени приходи и расходи на сметка на основен буџет (937)

Прилог бр.5 Утврдени состојби по субјекти и области

КОРИСТЕНИ КРАТЕНКИ

ЕСЈН - електронски систем за јавни набавки

ЕЛС – единици на локалната самоуправа

ТППЕ - територијална против пожарна единица

ЗЈН - Закон за јавни набавки

ЈН - јавни набавки

ЈП - јавно претпријатие

ЈПП – јавно приватно партнерство

## РЕЗИМЕ

Согласно Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2023 година, извршивме ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност за 2022 година кај осум единици на локалната самоуправа и тоа: општините Врапчиште, Дебар, Желино, Новаци, Прилеп, Росоман, Струмица и Шуто Оризари на сметките на основен буџет и на сметките на буџет од дотации. Од вкупно ревидираните општини 3 се градски, а пет се рурални.

Ревидираните општини во 2022 година на сметките на основниот буџет и буџетот од дотации оствариле вкупни приходи во износ од 4.038.266 илјади денари и во однос на претходната 2021 година бележат пораст од 8,8%. Истите во 2022 година реализирале расходи во вкупен износ од 3.682.868 илјади денари кои во однос на претходната година бележат пораст од 7,3%.

Со извршените ревизии, изразивме вкупно 46 мислења од кои 27 се однесуваат за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и 19 за усогласеност со законската регулатива, упатства и воспоставени политики. Од изразените мислења 26% се без резерва, 11% се со резерва, 57% се неповолни, а во 6% се воздржуваме од давање мислење.

Со извршените ревизии на финансиските извештаи за 2022 година, заедно со ревизија на усогласеност утврдивме вкупно 146 состојби кои се однесуваат на:

- слабости во администрирањето на ***даноците на имот и даноците на наследство и подарок***, кои се однесуваат на нереално утврдена пазарната вредност на недвижниот имот;
- слабости во администрирањето на ***комуналните такси и надоместоци*** (комунални такси за: фирма односно назив на деловна просторија, користење на музика во јавните локали, користење на простор пред деловни простории за вршење на дејност, користење на простор за паркирање на моторни возила, такса за привремен престој, истакнување на реклами, објави и огласи на јавни места, надоместок за поседување на Б-интегрирана еколошка дозвола);
- слабости во начинот и постапката на издавање под ***закуп на општинскиот имот*** .
- неостварени/ помалку остварени приходи по основ на ***надоместок за одржување на јавна чистота*** и слабости во ***управувањето со зеленилото*** , како и неостварени приходи по основ на надомест за одржување на јавното градско зеленило;
- непочитување на законските рокови во ***постапките за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти*** и не доставување годишни извештаи до Министерството за транспорт и врски за користење на средствата остварени од надоместокот по овој основ;
- значително отстапување помеѓу планираните и реализираните приходи и расходи поради неизвршени или несоодветно извршени ребаланси на буџетот, а дел од општините немаат донесени програми за активностите за кои е надлежна општината, отсуствува граѓанското учество при креирање на буџетот и транспарентност во јавното информирање;
- непочитување на законските одредби при ангажирање на лица преку приватни агенции за вработување, авторски договори и договори на дело и утврдени се

неправилности во исплатата на надоместок за учество на седници на советниците;

- исплата на средства на спортски клубови, здруженија на граѓани, фондации, талентирани ученици и социјални бенефиции, без донесени програми и прецизно утврдени критериуми за распределба на средствата;
- субвенционирање на јавни комунални претпријатија по некомплетни барања и документација за извршениот обем на активности;
- непочитување на одредбите од договорите за јавно приватно партнерство за реконструкција, модернизација и одржување на јавно осветлување од страна на приватниот партнер и од страна на општините, неизвршени контролни активности и утврдување на ефектот на заштеди на енергија;
- објекти кои спаѓаат во втора категорија на градби се градат без одобрение за градење, градежните активности се изведуваат без изготвен проект и проектна документација само врз основа на техничка спецификација/премер пресметка и не се врши примопредавање на изведените градби;
- старосната структура на побарувањата не е утврдена, а за даночните побарувања кои не се наплатени во пропишаниот рок не се пресметува и наплатува камата и не се преземаат мерки за нивна наплата;
- нецелосно извршен попис на имотот и обврските, неевидентиран имот сопственост на општините, а за поголемиот дел од недвижниот имот не е обезбеден доказ за сопственост;
- направени расходи без поткрепувачка документација за: поправки и одржување на јавно осветлување, реконструкција и изградба на улици и патишта, градинка, гориво, дневници за службено патување, ресторански услуги, поправка и сервисирање на патнички моторни возила и транспорт на луѓе;
- слабости кај постапките за јавни набавки и тоа во делот на: техничката спецификација и премер пресметката, не утврдени количини за одделните позиции, тендерската документација и критериумот за избор на најповолна понуда, реализацијата на договорите, не пријавени набавки под вредносниот праг во квартална евиденција и набавени стоки и услуги и извршени работи без постапка за јавна набавка;
- слабости во системот за финансиско управување и контрола, а кај дел од ревидираните општини не е воспоставена/не е функционална внатрешната ревизија.

За констатираните состојби дадени се вкупно 142 препораки, со цел преземање мерки за надминување на истите.

Во делот Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет известуваме за судските постапки во кои општината е тужител и тужена странка, како и за извршени корекции во билансот на состојба.

Во делот останати прашања истакнуваме системски слабости во законската регулатива и потребата од нивно надминување со цел комплетност и точност на остварените приходи кај општините.

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

Број: 16-568/1
Дата: 17.05.2024

# ЗБИРЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ИЗВРШЕНИ РЕВИЗИИ НА ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ И РЕВИЗИИ НА УСОГЛАСЕНОСТ НА ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА

## 1. ВОВЕД

Согласно Законот за територијална организација на локалната самоуправа во Република Македонија[1], во државата се основани 80 општини и градот Скопје како посебна единица на локална самоуправа.

*Слика бр.1 Рурални и градски општини*




Од вкупните единици на локална самоуправа, 37 се категоризирани како рурални односно со седиште во село, а 44 се карактеризирани како урбани или градски со седиште во град. Според Пописот на население во 2021 година, во Република Северна Македонија има 1.836.713 жители од кои 320.088 лица или 18% од населението живеат во руралните, а 1.516.625 лица или 82% од населението живеат во урбаните градски општини.

Државниот завод за ревизија ги извршува ревизиите на единиците на локалната самоуправа согласно член 22 од Законот за државната ревизија[2] и Годишна програма за работа[3] како и согласно член 70 став 4 од Законот за локалната самоуправа[4]. Со Годишната програма за работа за 2022 година, планирани се ревизии на финансиски извештаи со ревизија на усогласеност во 8 (осум) единици на локална самоуправа и тоа: **Врапчиште, Дебар, Желино, Новаци, Прилеп, Росоман, Струмица и Шуто Оризари.**

Ревизиите се извршени во согласност со Ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции (ISSAI), кои налагаат почитување на етичките барања и планирање и извршување на ревизиите со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања и дали финансиските трансакции што се рефлектираат во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

---

[1] „Службен весник на Република Македонија" бр. 55/04, 12/05, 98/08, 106/08 и 149/14

[2] „Службен весник на Република Македонија" бр.66/10, 145/10, 12/14, 43/14, 154/15, 192/15, 27/16 и 83/18) и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 122/21

[3] Број 01-1649/1 од 26.12.2022 година

[4] „Службен весник на Република Македонија"бр.5/02

## 2. ОСНОВНИ ИНФОРМАЦИИ ЗА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНИТЕ

Буџетот на општината се изготвува, донесува и извршува во согласност со Законот за буџетите, освен ако со Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа не е поинаку уредено.

### Изготвување на буџетот

Со буџетски календар донесен од советот на општината се утврдуваат роковите за планирање на општинскиот буџет, односно се регулира во кој рок:

- ✓ градоначалникот до општинските буџетски корисници ги доставува главните насоки за изготвување на финансиските планови,
- ✓ општинските буџетски корисници ги доставуваат своите финансиски планови до градоначалникот и
- ✓ градоначалникот го доставува предлогот на буџетот до советот на општината.

Министерот за финансии, најдоцна до 30 септември во тековната година, изготвува буџетски циркулар за наредната година во кој се утврдува формата и содржината на буџетот на општината и со кој општините се известуваат за:

- ✓ основните макроекономски индикатори,
- ✓ главните насоки за изготвување на општинскиот буџет,
- ✓ максимални износи на сопствени приходи на основниот буџет и
- ✓ дотациите за општината што ќе се трансферираат од Буџетот на државата, од буџетите на фондовите, како и од приходите од други извори.

### Содржина на буџетот

Буџетот на општината се состои од општ, посебен и развоен дел.

**Општиот дел содржи** :

- консолидиран биланс на приходи и расходи,
- функционална класификација на расходите,
- биланс на тековно-оперативни приходи и расходи и
- биланс на капитални приходи и расходи.

Во **посебниот дел** на буџетот се прикажани расходите според класификација што ја пропишува министерот за финансии, групирани според корисници и програми.

**Посебниот дел на буџетот** содржи и анекси кои се однесуваат на: финансиски планови (биланс на приходи и расходи) на јавните служби основани од општината кои целосно или делумно се финансираат од буџетот на општината и образложение на буџетот.

**Развојниот дел** го содржи планот на програмите за развој на општините односно среднорочните проекции на одобрени средства по: одделни буџетски програми и потпрограми; години во кои истите ќе се реализираат и извори на финансирање, односно буџети.

## Донесување на буџетот

Советот на општината го донесува буџетот за наредната година најдоцна до 31 декември во тековната година, по сметки, по потпрограми и по ставки.

Доколку Советот на општината не го донесе буџетот на општината до 31 декември во тековната година, должен е да донесе одлука за времено финансирање и финансиски план за нејзино спроведување за периодот од 1 јануари до 31 март за тековната година кој е составен дел на буџетот за тековната година. Градоначалникот одобрува исплата на средства по сметки, по потпрограми и ставки од буџетот, но најмногу до една третина од вкупно извршените расходи во првиот квартал од претходната фискална година најдоцна до 31 март, а имајќи ги предвид и готовинските текови. Висината на една третина од вкупно извршените расходи во првиот квартал од претходната фискална година по сметки, по потпрограми и по ставки ја пресметува Министерството за финансии.

## Извршување на буџетот

За извршување на буџетот е одговорен градоначалникот на општината кој е потписник на сметката на буџетот на општината или во негово отсуство, од него две овластени лица вработени во општинската администрација. За користење на средствата на буџетот, **општината** доставува годишни и квартални финансиски планови по сметки, по потпрограми и по расходни ставки и **не може да изврши плаќање доколку одговорниот сметководител претходно писмено не потврди дека расходот е одобрен во буџетот и** дека се обезбедени потребните средства.

## Ребаланс на буџетот

Доколку во текот на фискалната година приходите и расходите не се остваруваат како што е планирано во буџетот на општината, градоначалникот му предлага на советот измени и дополнувања на буџетот (ребаланс) во годината, кој се донесува во постапка според која се донесува буџетот на општината.

Извори на финансирање на општината се: сопствени извори на приходи, дотации на средства од Буџетот на Република Северна Македонија и од буџетите на фондовите и задолжувањето[5]. Нивното учество во вкупниот буџет на ревидираните општини е прикажан на следниот графикон.

[5] Член 3 од Закон за финансирање на единиците на локалната самоуправа „Службен весник на Република Македонија“ бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15 и 209/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 244/19, 53/21, 77/21, 150/21 и 173/22

*Графикон бр.1*

**Учество на приходи по видови во вкупен буџет за 2022 година на ревидираните осум општини**




Со ревизијата преку примена на ревизорски техники утврдивме дека во вкупниот буџет на ревидираните општини во 2022 година (графикон бр.1) најголемо учество имаат **приходите од дотации** (59%) кои се однесуваат на **блок дотации** за финансирање на програми од надлежностите утврдени во член 22 од Законот за локалната самоуправа (**културата, социјалната и детска заштита, образование и здравствена заштита**) и **наменски дотации** за финансирање на конкретна активност, согласно член 10 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, наменети за финансирање на ТППЕ.

Учеството на приходите во вкупниот буџет на секоја ревидирана општина е прикажано во табела бр.1.

*Табела бр.1 Учество на приходите во вкупниот буџет на ревидираните општини за 2022 година*

| Сметка / Општина | 630 | 787 | 930 | 785 | 786 |
|---|---|---|---|---|---|
| Врапчиште | 25% | 1% | 67% | 7% | - |
| Дебар | 25% | 2% | 66% | 2% | 5% |
| Желино | 33% | - | 65% | 2% | - |
| Новаци | 70% | - | 29% | 1% | - |
| Прилеп | 34% | 3% | 61% | 2% | - |
| Росоман | 59% | 2% | 37% | 2% | - |
| Струмица | 47% | 3% | 46% | 5% | - |
| Шуто Оризари | 28% | 1% | 70% | 1% | - |

## 3. ОПФАТ И ЦЕЛИ НА РЕВИЗИИТЕ

Извршивме финансиска ревизија заедно со ревизија на усогласеност на финансиските извештаи за 2022 година на сметките на основен буџет (630 и 637) и сметките на буџет од дотации (930 и 937) на осум единици на локалната самоуправа, односно на: Врапчиште, Дебар, Желино, Новаци, Прилеп, Росоман, Струмица и Шуто Оризари.

Ревизиите се спроведени со цел да добиеме разумно уверување и да известиме за тоа дали:

- финансиските извештаи земени како целина се ослободени од материјално погрешни прикажувања било поради измама или поради грешка, односно во сите материјални аспекти се изготвени во согласност со применливата рамка за финансиско известување;
- активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи, во сите материјални аспекти се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

# 4. ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ

Финансиските извештаи кои се предмет на ревизија се составен дел на завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Северна Македонија, односно член 23 од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници[6] и се однесуваат на: Биланс на состојба, Биланс на приходи и расходи и образложенија кон финансиските извештаи.

Завршната сметка на буџетот на единицата на локалната самоуправа ја донесува советот најдоцна до 15 март и истата се доставува до Министерството за финансии најдоцна до 31 март. Завршните сметки на единиците на локалната самоуправа се прилог кон завршната сметка на Буџетот на Републиката и фондовите која се усвојува од Собранието на Република Северна Македонија, најдоцна до 30 јуни во тековната година за претходната фискална година.

## 4.1. БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ

Билансот на приходи и расходи ги прикажува приходите и другите приливи, како и расходите и другите одливи. Успешноста на целокупната буџетска политика на општината, нејзината сервисна ориентираност и нејзиниот однос кон задоволувањето на потребите на граѓаните, се мери од аспект на планирањето и реализирањето на приходите и расходите.

### 4.1.1. Биланс на приходи и расходи на основен буџет 630

**Приходи**

Наплатата на планираните приходи на основниот буџет се врши на сметката на основниот буџет (630), додека расходите од оваа сметка се однесуваат на трансфер на средства на сметката на основен буџет (637) од која се вршат плаќањата кон крајните корисници.

Податоците од Билансите на приходи и расходи за 2022 година на сметките на основен буџет (630) на ревидираните осум општини покажуваат дека во 2022 година остварени се приходи во вкупен износ од **1.647.657 илјади денари** .

Во табелата бр.2 прикажани се вкупните остварени приходи на сметките на основен буџет (630) по видови во 2022 и 2021 година, како и индексот на пораст.

*Табела бр.2 Остварени вкупни приходи на сметка на основен буџет 630*

000 ден.

| Приходи по видови | остварени приходи 2022 | остварени приходи 2021 | индекс 2022/2021 |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4=2/3*100 |
| Даночни приходи | 758.456 | 734.396 | 103 |
| Неданочни приходи | 35.527 | 27.642 | 129 |
| Капитални приходи | 208.414 | 178.317 | 117 |
| Трансфери и донации | 645.260 | 518.518 | 124 |
| Вкупно | 1.647.657 | 1.458.873 | 113 |

*Извор на податоци: Рекласифицирани Биланси на приходи и расходи од страна на ДЗР*

[6] „Службен весник на Република Македонија“ бр. 61/02, 98/02, 81/05, 24/11, 145/15 и 170/17 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 122/21

Во 2022 година во однос на 2021 година вкупните остварени приходи на сметката на основен буџет (630) бележат пораст од 13%. Најголем пораст од 29% бележат неданочните приходи, по што следат приходите од трансфери и донации со пораст од 24%, капиталните приходи се зголемиле за 17%, а најмал пораст од 3% бележат даночните приходи.

*Графикон бр. 2 Остварени приходи на ревидираните општини во 2022 во однос на 2021*




*Извор на податоци: Рекласифицирани Биланси на приходи и расходи од страна на ДЗР*

Графикон бр.2 го прикажува зголемувањето/ намалувањето на остварените приходи на ревидираните општини во 2022 година во однос на 2021 година. Така, во однос на претходната година, остварените приходи на сметката на основен буџет (630), најголем пад од 29,9% бележат во Општина Дебар, во Општина Желино од 15,9%, а во Општина Врапчиште бележат пад од 7,6%, додека кај останатите општини се забележува пораст и тоа најголем во Шуто Оризари од 52%, Струмица од 34,2%, Росоман од 18,5%, Прилеп од 6,5% и Новаци од само 0,1%.

На графиконот бр.3 прикажано е учеството на остварените приходи по видови како и учеството на расходите по намени во вкупните приходи и расходи на сметката на основен (буџет 630), во ревидираните осум општини во 2022 година.

*Графикон бр.3 Учество на остварени приходи по видови и расходи по намени, во вкупните на сметка на основен буџет (630)*



Најголемо учество во вкупно остварените приходи на ревидираните општини бележат даночни приходи (46%), кои ги сочинуваат приходите по основ на данок од доход, од добивка и капитални добивки, даноци на имот и комунални даноци и надоместоци, додека најмало учество имаат неданочните приходи (2%), кои ги сочинуваат глобите, судските и административни такси, приходите од закуп на општински имот, премиите од осигурување на моторни возила и други неданочни приходи.

Најголемо учество на **даночните приходи** во структурата на основниот буџет на општините се забележува во општините Шуто Оризари (68%), Прилеп (52%) и Струмица (48%), а најмало учество на даночните приходи бележат руралните општини Новаци (16%), Росоман (18%). Од друга страна најголемо учество на трансферите и донации се забележуваат кај руралните општини Росоман (58%) и Желино (57%).

Успешноста во работењето на општината се мери и преку остварувањето на планираните приходи. Во 2022 година, вкупните планирани приходи бележат остварување од 87%, што е резултат на поединечните остварувања на ревидираните единици на локалната самоуправа. Општините Струмица и Росоман оствариле повеќе приходи од планираните за 2%, додека остварувањето на останатите општини се движи во интервал од 65% до 85% и може да се види на сликата што следи.

*Слика бр.2 Процент на реализирани приходи во однос на планираните приходи во 2022 година*

| Врапчиште | Дебар | Желино | Новаци | Прилеп | Росоман | Струмица | Шуто Оризари |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 78% | 66% | 85% | 65% | 82% | **102%** | **102%** | 76% |

## Расходи

Расходите на сметката на основен буџет 630, претставуваат трансфер на средства по намени на сметката на основен буџет 637 и сметката на буџет од дотации 930 од која се вршат плаќања до крајните корисници.

Во 2022 година, остварени се расходи во вкупен износ од **1.386.606** илјади денари и во однос на 2021 година истите бележат пораст за 7,8%. Учеството на одделните расходи по намена за која се реализирани овие расходи е прикажана во точка 4.1.2. од овој извештај, додека во **Прилог бр.1** на овој извештај, поединечно за секоја општина, прикажано е остварувањето по видови на приходи и расходи, нивното учество во вкупните и индексот во однос на претходната година.

### 4.1.2. Биланс на приходи и расходи на основен буџет 637

#### Приходи

Вкупните приходи на сметката на основен буџет (637) кај ревидираните ЕЛС во 2022 година по основ Трансфери и донации изнесуваат 1.378.440 илјади денари и во однос на претходната 2021 година бележат пораст од 8%.

Во Прилог бр.2 на овој извештај за секоја од ревидираните општини, за сметката на основен буџет (637) прикажани се остварените приходи и расходи по намени, нивното учество во вкупните и трендот во однос на претходната година.

#### Расходи

Реализираните расходи кај ревидираните едници на локална самоуправа во 2022 година, се во износ од 1.378.440 илјади денари и по намени се прикажани во табела бр.3.

*Табела бр.3 Реализирани вкупни расходи на сметка на основен буџет 637*

во 000 ден.

| Вид на расходи | Реализирани расходи во 2022 | Реализирани расходи во 2021 | Индекс 2022/2021 |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4=2/3*100 |
| Плати и надоместоци | 289.397 | 263.318 | 109,9 |
| Резерви и недефинирани расходи | 6.776 | 6.721 | 100,8 |
| Стоки и услуги | 408.005 | 309.349 | 131,9 |
| Каматни плаќања | 304 | 346 | 87,9 |
| Субвенции и трансфери | 192.281 | 172.850 | 111,2 |
| Социјални бенефиции | 5.267 | 3.182 | 165,5 |
| Капитални расходи | 458.975 | 502.949 | 91,3 |
| Отплата на главнина | 17.435 | 17.438 | 100,0 |
| **Вкупно:** | **1.378.440** | **1.276.153** | 108,0 |

Истакнуваме дека капиталните расходи кои имаат влијание врз развојот на единиците на локалната самоуправа бележат пад од 8,7% во однос на претходната година. Расходите по основ на субвенции и трансфери бележат пораст од 11,2%, а на стоки и услуги пораст од 31,9% во однос на претходната година.

*Слика бр.3 Учеството на расходите по намени во вкупните расходи*




На слика бр.3 е прикажано учеството на намената на расходите во вкупните расходи. Најголем дел од расходите се однесуваат за капитални инвестиции (33%), по што следат расходите за набавка на стоки и користење на услуги (30%). Најмало учество од 1% имаат расходите кои се однесуваат на плаќања од резервите, каматни плаќања, социјални бенефиции, како и отплата на главнина.

### 4.1.3. Остварени приходи и расходи на сметки за дотации (930)

За финансирање на надлежностите утврдени во член 22 од Законот за локалната самоуправа, кои се однесуваат на културата, социјалната и детска заштита, образование и здравствена заштита, согласно член 12 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, општините добиваат **блок дотации** кои се користат за финансирање на конкретни програми.

Владата на Република Северна Македонија донесува Уредба за методологијата за утврдување на критериумите за распределба на блок дотациите на предлог на надлежното министерство. Висината на блок дотацијата не може да биде помала од износот на средствата од Буџетот на Република Северна Македонија кои се користат за таа намена за таа област во претходната година од годината во која се пренесува соодветната надлежност.

За финансирање на конкретна активност, согласно член 10 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, општините добиваат **наменска дотација**. Надлежните министерства и фондовите му предлагаат на Министерството за финансии распределба на наменските дотации по општини, по проект и институција и/или програми со буџетската пресметка за следната буџетска година.

Средствата од блок и наменски дотации општините ги обезбедуваат на посебна сметка во рамки на трезорот (930) од која директно до крајните единки корисници се дозначуваат блок дотациите, а на посебна сметка во рамки на трезорот (937) се трансферираат средствата од наменските дотации и од истата се плаќа на крајните корисници.

*Слика бр.4 Прилив и одлив на средства на сметката за дотации*




## Приходи од дотации

Во 2022 година, на сметките за дотации (930) на ревидираните осум единици на локална самоуправа искажани се приходи во вкупен износ од 2.390.609 илјади денари кои во однос на претходната 2021 година бележат зголемување од 6,1%.

Во вкупните приходи од дотации најголемо учество имаат блок дотациите од програмата на образование кои се однесуваат на финансирање на тековно оперативното работење на основните и средните училишта, а најмало учество, како што може да се види на сликата што следи, имаат наменските дотации за тековно оперативно работење на територијалните противпожарни единици.

*Слика бр.5 Учество на блок и наменски дотации по програми во вкупните приходи од дотации*




Во член 12 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа е наведено дека со блок дотации се финансираат надлежностите од член 22 точките 5, 7, 8 и 9 од Законот за локалната самоуправа, а кои се однесуваат на културата, социјалната и детска заштита, образование и здравствена заштита, но општините сè уште не остваруваат приходи од блок дотации за здравствена заштита.

Во табела бр.4 одделно се прикажани остварените приходи на ревидираните единици на локалната самоуправа на сметката на приходи на буџет на дотации (930).

*Табела бр.4 Остварени приходи од дотации*

во 000 ден.

| Општина | Остварени приходи 2022 | Остварени приходи 2021 | Индекс 20221/2021 |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4=2/3*100 |
| Врапчиште | 212.106 | 202.035 | 105 |
| Дебар | 217.954 | 212.574 | 103 |
| Желино | 181.641 | 172.288 | 105 |
| Новаци | 35.093 | 33.548 | 105 |
| Прилеп | 855.361 | 795.392 | 108 |
| Росоман | 46.000 | 48.327 | 95 |
| Струмица | 661.830 | 610.514 | 108 |
| Шуто Оризари | 180.624 | 177.741 | 102 |
| Вкупно | 2.390.609 | 2.252.419 | 106 |

На графиконот што следи е прикажано одделното учество на општините во вкупните приходи од дотации и бројот на единки корисници на овие средства.

*Графикон бр.4 Учество во вкупните приходи од дотации и број на единки корисници*




Најголемо учество во вкупно остварените приходи на сметката за дотации имаат општините Прилеп (36%) и Струмица (28%), а најмало Општина Новаци (1%). Имајќи ги во предвид надлежностите и бројот на единки корисници на средствата од дотации ваквата состојба е очекувана.

## Расходи од дотации

Во 2022 година, на сметките на дотации (930) на ревидираните осум единици на локална самоуправа искажани се расходи во вкупен износ од 2.296.262 илјади денари кои во однос на претходната 2021 година бележат пораст од 7%.

Расходите се однесуваат на финансирање на тековно оперативно работење на вкупно 63 единки корисници од кои 60 од областа на основното и средното образование, детската и социјална заштита (градинки и старски домови, библиотекарство, музичко и сценско уметничка дејност и музичка и кинотечна дејност и 3 територијални против пожарни единици кои вкупно по видови на дејност се прикажани во сликата што следи.

*Графикон бр. 5 Број на единки корисници на средства од дотации*




Вкупно реализираните расходи од дотациите по намени во 2022 и 2021 година како и нивниот индекс се прикажани во табела бр.5, а во Прилог број 3 прикажани се вкупните приходи и расходи по ревидираните општини на сметката од блок дотации 930.

*Табела бр.5 Вкупни расходи по намени од сметка на буџет на дотации (930)*

во 000 ден.

| Расходи по намени | 2.022 | 2.021 | индекс 2022/2021 |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4=2/3*100 |
| Плати, наемнини и надоместоци | 1.879.021 | 1.801.689 | 104 |
| Стоки и услуги | 381.838 | 292.150 | 131 |
| Субвенции и трансфери | 7.788 | 2.856 | 273 |
| Социјални бенефиции | 1.359 | | |
| Капитални расходи | 26.256 | 49.000 | 54 |
| **Вкупно** | **2.296.262** | **2.145.695** | **131** |

Од вкупно остварените расходи на сметката од дотации 2.296.262 илјади денари или 98% се расходи за корисниците на блок дотации, а 38.525 илјади денари или 2% за корисниците на наменски дотации (937).

Од блок дотациите 82% се наменети за плати и надоместоци на вработените во основните и средните училишта, детски градинки, старски дом и институции од областа на културата, 17% се за набавка на стоки и услуги и само 1% за капитални расходи.

Од вкупните дотации, неискористени се средства во вкупен износ од 94.347 илјади денари.

Вкупните приходи и расходи за ***сметките за наменски дотации (937)***[7] за 2022 година се во износ од 38.525 илјади денари.

Расходите се по основ на плати и надоместоци за вработените во територијалните противпожарни единици (36.298 илјади денари) и капитални расходи (2.227 илјади денари).

Во Прилог број 4 и графикон бр.6 прикажани се вкупните приходи и расходи на сметката на дотации (937) по општини.

*Графикон бр. 6 Вкупни приходи и расходи по општини на сметката на дотации 937*

во 000 ден.




## 4.2. БИЛАНС НА СОСТОЈБА

Билансот на состојба ја прикажува состојбата на средствата, обврските и изворите на средства на одреден датум.

Единиците на локалната самоуправа во Билансот на состојба на сметката на основен буџет (630) ги евидентираат тековните средства, односно паричните средства и побарувањата, додека на сметката на основен буџет (637) ги евидентираат постојаните и тековните средства и нивните извори, како и своите обврски. Вкупната актива/пасива на сметките на основен буџет (630) и (637), на ревидираните осум единици на локална самоуправа е прикажана на графиконите бр.7 и 8.

[7] Општина Дебар, Општина Прилеп и Општина Струмица

*Графикон бр. 7 Актива на основен буџет (630) и (637) за 2022 и 2021 година*

000 ден.




*Графикон бр.8 Пасива на основен буџет (630) и (637) за 2022 и 2021 година*

000 ден.




Материјалните средства во Билансот на состојба опфаќаат 71% и во однос на претходната година бележат пораст од 41%. Побарувањата од купувачи во ревидираните општини опфаќаат 7% од Билансот на состојба и во однос на претходната година се зголемиле за 8%, додека пак краткорочните обврски кон добавувачите учествуваат со 6%, а се зголемиле за 21% во однос на претходната 2021 година.

## 5. РЕВИЗОРСКИ МИСЛЕЊА

За ревидираните осум единици на локалната самоуправа издадовме вкупно 27 ревизорски извештаи во кои изразивме 46 ревизорски мислења (27 мислења за финансиските извештаи и 19 мислења за усогласеност со закони и прописи.

*Слика бр.5 Видови на ревизорско мислење*




Бројот на изразените мислења по видови се прикажани на сликата бр.6.

*Слика бр.6 Број на изразени мислења по видови*




Во Табела бр.6 прикажани се изразените мислења по видови и сметки за одделните единици на локалната самоуправа.

*Табела бр.6 Преглед на изразени мислења*

| Општина | Сметка | Изразено мислење за финансиски извештаи | Изразено мислење за усогласеност со закони и прописи |
|---|---|---|---|
| **Врапчиште** | Основен буџет 630 | | |
| | Основен буџет 637 | | |
| | Блок дотации 930 | | |
| **Дебар** | Основен буџет 630 | | |
| | Основен буџет 637 | | |
| | Блок дотации 930 | | |
| | Наменски дотации 937 | | |
| **Желино** | Основен буџет 630 | | |
| | Основен буџет 637 | | |
| | Блок дотации 930 | | |
| **Новаци** | Основен буџет 630 | | |
| | Основен буџет 637 | | |
| | Блок дотации 930 | | |
| **Прилеп** | Основен буџет 630 | | |
| | Основен буџет 637 | | |
| | Блок дотации 930 | | |
| | Наменски дотации 937 | | |
| **Росоман** | Основен буџет 630 | | |
| | Основен буџет 637 | | |
| | Блок дотации 930 | | |
| **Струмица** | Основен буџет 630 | | |
| | Основен буџет 637 | | |
| | Блок дотации 930 | | |
| | Наменски дотации 937 | | |
| **Шуто Оризари** | Основен буџет 630 | | |
| | Основен буџет 637 | | |
| | Блок дотации 930 | | |

# 6. НАОДИ И ПРЕПОРАКИ

Со извршените ревизии кај осум единици на локалната самоуправа, констатиравме 146 наоди и дадовме 142 препораки.

*Слика бр.7 Утврден број на наоди по области*




Наодите презентирани во овој извештај се утврдени во една или повеќе од ревидираните општини и се групирани по области.

## 6.1. Финансиски извештаи

- Не е воспоставена сметководствена евиденција и не се водат деловни книги во кои треба да се внесуваат финансиските промени, односно трансакции на сметката на основен буџет (630). Сметководствените податоци кои се обработуваат со електронски сметачи не се заклучени, отпечатени, потпишани и поврзани, поради што податоците во деловните книги се менуваат и дополнуваат по завршувањето на пресметковниот период за кои се изготвени финансиските извештаи на сметката на основен буџет (637) и не се составени финансиски извештаи, односно не е поднесена завршна сметка за сметката на приходи на буџет на дотации (930) за 2022 година[8].
- Состојби кои имаат влијание на **реално и објективно прикажување на побарувањата** во финансиските извештаи утврдивме во сите ревидирани општини и се однесуваат на:
  - неусогласеност на сметководствената со даночната евиденција на побарувањата за комунална такса за фирма односно назив на деловна просторија во делот на почетната состојба и задолжувањето за тековната година[9];
  - општината нема утврдено старосна структура на побарувањата по основ на данок на имот и комунална такса за фирма, односно назив на деловна просторија и дали постои законска можност за нивна наплата[10];
  - не се евидентирани побарувања по основ на даноци на имот и комунални такси и надоместоци за кои општината има издадено решенија до обврзниците[11];
  - во даночната и сметководствената евиденција не се евидентирани побарувања по основ на данок на промет на недвижности кои не се платени во износ од 5.075 илјади денари[12];
  - побарувањата по основ на надоместок за утврдување правен статус на бесправно изградени објекти, надоместок за уредување на градежно земјиште, комунална такса се евидентирани на денот на извршената наплата, а не во периодот кога е настанато побарувањето[13];
  - не е воспоставена сметководствена евиденција на побарувањата по основ на надоместок за данок за недвижности и данок за наследство и подарок, надоместок за уредување на градежно земјиште, за издадени налози за пресметување на повеќегодишен надоместок за издадена Б интегрирана дозвола, побарувањата по основа на закуп на недвижни ствари сопственост на општината како и на побарувањата по основ на надоместок за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти[14];
  - евидентирани се побарувања по основ на комунална такса за фирма, односно назив на деловна просторија, комунална такса за користење на просторот пред деловните простории за вршење на дејност и закупнина од општински имот, во износ од 16.213 илјади денари од правни лица и самостојни вршители на дејност

[8] Врапчиште
[9] Дебар
[10] Дебар, Желино, Новаци, Струмица, Росоман
[11] Врапчиште
[12] Струмица
[13] Дебар, Струмица, Шуто Оризари
[14] Росоман, Желино, Новаци

кои се избришани од евиденција во Трговскиот регистар и Регистарот на други правни лица кој го води Централниот регистар на Република Северна Македонија, за кои не постои можност за нивна наплата[15].

- Општината нема назначено одговорен сметководител и завршните сметки за 2022 година се изготвени и потпишани од вработен на раководно место во секторот за финансиски прашања[16], односно од градоначалникот[17], што не е во согласност со член 36 од Закон за финансирање на единиците на локалната самоуправа и член 16 од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници.
- Годишниот извештај за 2022 година, не содржи извештај за средствата, побарувањата, обврските и изворите на средства и нивната вредност, извештај за реализација на инвестиционите програми, наменските, капиталните и блок дотациите за делегираните надлежности и извештај од одговорниот сметководител со кој ја потврдува точноста и веродостојноста на годишната сметка, што не е во согласност со член 34 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа[18], а во општините[19] истиот не е доставен до Советот за негово усвојување. Советот на општината не го усвоил Годишниот извештај за 2022 година[20].
- На веб страната на општината не се објавени кварталните извештаи, согласно член 32 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа и годишната сметка, што претставува обврска предвидена со член 29 од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници[21], а веб страната на општината[22] не е ажурирана што упатува на недоволна транспарентност на локалната власт во јавното информирање за буџетот, реализираните активности и за обезбедените јавни услуги, согласно одредбите на член 8 од Законот за локалната самоуправа.
- Во текот на 2022 година, општината поради блокирана сметка со судски извршни решенија, дел од намирувањето на обврските и наплатата на побарувањата ги врши преку плаќање со пресметка, надвор од трезорскиот систем, што не е во согласност со член 25 од Законот за платниот промет[23].
- Инвестиционите вложувања во износ од 32.997 илјади денари не се евидентирани на соодветните позиции во Билансот на состојба, што не овозможува нивно следење за одредена градба[24], и постои неусогласеност на материјалната и сметководствената евиденција на градежните објекти за 92.703 илјади денари[25].
- Не е воспоставена материјална и сметководствена евиденција на набавените количини на масло за греење[26].

---

15 Прилеп
16 Врапчиште
17 Росоман, Шуто Оризари
18 Желино
19 Росоман и Врапчиште
20 Дебар
21 Желино
22 Прилеп
23 Желино
24 Дебар, Врапчиште, Росоман
25 Врапчиште
26 Новаци

### Имот на општините

Во **сите ревидирани субјекти** утврдивме состојби кои влијаат врз реалноста и објективноста во проценувањето и прикажувањето на средствата и изворите на средствата во Билансот на состојба, прикажани на слика бр.8.

*Слика бр.8 Слабости во проценување и евидентирање на општинскиот имот*




Кај два објекта (задружни домови, заради ненавремено преземени мерки за пренесување на правото на сопственост извршена е узурпација на општинскиот имот и губење на сопственоста[27].

За инфраструктурен објект, реконструкција и доградба на мост, општината како инвеститор исплатила 34.123 илјади денари, а мостот е пуштен во употреба без обезбедена комплетна изведбена документација, што претставува ризик за безбедноста на корисниците на сообраќајниците кој ги поврзува мостот.

Изградено е подрачно основно училиште, за што општината исплатила средства во вкупен износ од 6.851 илјада денари, но не го презела ниту го обезбедила новоизградениот училиштен објект, поради што објектот е уништен, руиниран и демолиран, а учениците од одделенска настава остануваат и понатаму без училишна зграда[28].

[27] Желино
[28] Прилеп

- Попис на средствата, обврските и побарувањата

*Слика бр.9 Вршење на попис*




Буџетите и буџетските корисници се должни најмалку еднаш годишно да вршат усогласување на своите побарувања и обврски со состојбата на средствата и нивните извори искажани во сметководството со фактичката состојба што се утврдува со попис на 31 декември, согласно член 21 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници.

Буџетите и буџетските корисници на крајот на годината ја усогласуваат состојбата на средствата и нивните извори искажани во сметководствената евиденција со фактичката состојба утврдена со пописот (инвентарисување), согласно член 29-35 од Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници.

Во **сите ревидирани субјекти** утврдивме состојби кои се однесуваат на недоследна примена на законските и подзаконските одредби, и тоа:

**Нецелосно спроведен попис на средствата, обврските и побарувањата со состојба на 31.12.2022 година, поради:**

- ✓ не извршен попис на нематеријални средства, материјални средства во подготовка, паричните средства, материјали на залиха и средствата кои не се материјално евидентирани;
- ✓ состојбата на обврските и побарувањата е утврдена врз основа на сметководствени податоци, а комисијата за попис не утврдила правен основ за нивно постоење;
- ✓ пописните листи не содржат вредносни показатели и не е извршено материјално и вредносно усогласување на сметководствената со фактичката состојба утврдена со попис;
- ✓ за утврдениот кусок/расход по попис, пописната комисија нема предложено начин на постапување и негово евидентирање.

**Општините Шуто Оризари и Врапчиште немаат извршено попис на средствата, обврските и побарувањата со состојба на 31.12.2022 година.**

## 6.2. Усогласеност со закони и прописи

Во ревизорските извештаи констатиравме состојби кои се однесуваат на неусогласеност на активностите, финансиските трансакции и информации со законите и прописите, и тоа:

### *Администрирање на даноци на имот и даноците на наследство и подарок*

Кај ревидираните општини утврдени се слабости во администрирањето на даноците на имот и даноците на наследство и подарок кои влијаат врз реално утврдување на даночната основица и остварувањето на приходи во буџетот на општината, а се однесуваат на:

*Слика бр.10 Слабости во администрирањето на даноците на имот и даноците на наследство и подарок*




### *Администрирање на комунални такси и надоместоци*

Кај ревидираните општини утврдени се слабости во администрирањето на комуналните такси, прикажани на сликата што следи.

*Слика бр.11 Слабости во администрирањето на комуналните такси и надоместоци*



Слабости при пресметка и наплата на **комунална такса за фирма односно назив на деловна просторија** [29] се однесуваат на:

- издадени решенија за комунална такса на државни органи и непрофитни организации, кои се ослободени од плаќања, согласно член 6 од Законот за комунални такси;
- не целосна база на податоци за обврзниците за комунална такса за фирма односно назив на деловна просторија, од причина што не е извршено усогласување со официјалните податоци од Централниот регистар на Република Северна Македонија;
- не се преземаат мерки за наплата на побарувањата по основ на комунална такса за фирма/назив на деловна просторија, за обврзниците кои не ја платиле истата во рок од 30 дена од доставување на решението, обврска предвидена со член 11 став 2 од Законот комунални такси.

**Во однос на комуналната такса за користење на музика во јавните локали,** општините[30] не остваруваат приходи од **комунална такса за користење на музика во јавните локали**, согласно член 3 од Законот за комуналните такси.

**Поставени се рекламни паноа на простор** за поставување на рекламни паноа со истечени договори[31] и не се остварени приходи по основ на комунална такса за истакнување на реклами, објави и огласи на јавни места[32];

Слабости при администрирањето на **комунална такса за користење на просторот пред деловните простории за вршење на дејност се однесуваат на** некомплетни барања за издавање на одобрение за поставување на урбана опрема и одобрение за вршење на дејност надвор од деловен простор (графички прилози, скици), за кои општината[33] доставува налог за изработка до ЈП за просторно и урбанистичко планирање кое ја наплаќа услугата од општината наместо од барателот.

Општините[34] не вршат надзор над наплатата на **таксата за привремен престој** , предвиден со член 10 од Законот за таксата за привремен престој.

Средствата собрани од наплатата за паркирање на јавни паркиралишта се наменети за одржување на постоечките и уредување на нови паркинг места како и развој на дејноста паркирање со цел подобрување на квалитетот на животот на граѓаните. ЈП кое стопанисува со паркинзите на општината не врши уплата на наплатената комунална такса за користење на просторот за паркирање на моторни возила на сметка на општината, **што има за ефект помалку остварени приходи во буџетот на општината од 5.579 илјади денари** [35].

[29] Врапчиште
[30] Дебар и Росоман
[31] Прилеп
[32] Струмица
[33] Прилеп
[34] Дебар, Струмица и Росоман
[35] Прилеп

### *Надоместок за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти*

Кај ревидираните општини утврдени се слабости во постапките за **утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти** , а се однесуваат на:

- законски пропишаните рокови не се почитуваат при: донесување на заклучок за прекин на постапката, урбанистичка согласност, заклучок за плаќање на надоместокот и решение за утврдување на правен статус на бесправен објект, дефинирани со одредбите од член 10 став 1, член 20 став 1 и член 21 став 3 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти, што доведува до ненавремено информирање на барателите за дополнување на документацијата, пролонгирање на постапките и неможност на сопствениците навремено да го впишат имотот во Агенцијата за катастар на недвижности;
- општините немаат подготвено и доставено годишен извештај до Министерството за транспорт и врски за користење на средствата од надоместокот за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти, согласно член 20 став 10 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти, што влијае врз транспарентноста и отчетноста за нивното наменско користење.

### *Собирање и транспорт на комунален отпад и одржување на јавна чистота*

Наплатата на надоместокот за одржување на јавна чистота со Одлука на Советот на општината ја врши јавното претпријатие преку доставување на сметки за собирање и транспортирање на комунален отпад и на други видови неопасен отпад. Согласно член 25 од Законот за јавна чистота и член 26 од Законот за комунални дејности, средствата собрани од надоместокот се приход на буџетот на општината и се користат за финансирање на Програмата за јавна чистота и подигање на јавно зеленило.

Утврдените слабости во постапките за собирање и транспорт на комунален отпад и одржување на јавна чистота се однесуваат на помалку уплатени средства во буџетот на општината **во износ од 10.100 илјади денари** по основ на надоместок за одржување на јавна чистота[36], а општините[37] воопшто не остваруваат приходи по овој основ, што не е во согласност со член 25 од Законот за јавна чистота.

### *Управување со зеленилото*

Во однос на спроведување на надлежноста за управување со зеленилото утврдена со Законот за урбано зеленило, утврдените слабости кај ревидираните општини[38] се однесуваат на:

[36] Прилеп
[37] Дебар, Новаци, Росоман и Желино
[38] Дебар, Прилеп и Струмица

*Слика бр.12 Слабости во надлежноста за управување со зеленилото*



Советите на општините немаат донесено Стратегија за развој на зеленилото, која ги дава насоките за креирање на планските решенија во делот на зеленилото при изработка на сите планови и проекти во поглед на заштита и унапредување на системот на зеленило и Одлука за зеленило, што не е во согласност со член 12 од Законот за урбано зеленило.

За спроведување на надлежноста, советите на општините немаат донесено Годишна оперативна програма за подигање и одржување на зеленилото, во која ќе се утврдуваат видот и површината на зеленилото што ќе биде подигнато и одржувано, динамиката на подигање и начинот на одржување, процентот на озеленетост, изворот на обезбедување и висината на финансиските средства потребни во тековната година, што не е во согласност со член 5 став 4 од Законот за урбано зеленило.

Општините не остваруваат приходи по основ на надомест за одржување на јавното градско зеленило, што не е во согласност со член 39 од Законот за урбано зеленило. Причина за ваквата состојба е тоа што Советот на општината нема донесено одлука за утврдување на висината и начинот на распределбата на средствата за вршење на комуналните дејности (одржување на јавно градско зеленило), што не е во согласност со член 23 и 28 од Законот за комуналните дејности.

### *Останати приходи*

Остварени се **приходи по основ на давање на закуп на недвижен имот** по договори од минати години[39], склучени без јавно наддавање, со висина на закупнина утврдена спротивно на член 37 и член 38 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост, каде е уредено дека стварите во сопственост на општината можат да се дадат на користење на други субјекти по пат на електронско јавно надавање и почетна месечна закупнина од 0,5% од проценетата вредност на недвижната ствар.

И покрај тоа што договорите за закуп на недвижен имот со општина[40], се истечени, закупувачите не го напуштиле просторот и понатаму продолжиле да го користат.

### *Изготвување и реализација на буџетот*

Кај ревидираните ЕЛС утврдени се слабости при изготвување и реализација на буџетите и тоа:

- од страна на советот на општината[41] не е донесен буџетски календар кој ги регулира роковите за планирање и донесување на буџетот, со дефинирани рокови и носители на конкретна активност, согласно член 27 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа;
- значително е отстапувањето помеѓу планираните и реализираните буџетски приходи и расходи поради неизвршен или несоодветно извршен ребаланс на буџетот, согласно член 29 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа[42];

[39] Дебар
[40] Прилеп
[41] Дебар
[42] Дебар, Желино и Шуто Оризари

- отсуствува транспарентност во процесот на изготвување и донесување на буџетот за 2022 година преку организирање на јавни расправи, трибини, собири на граѓани и други форми за обезбедување на потребни информации и податоци за потребите на граѓаните[43] согласно член 3 од Законот за буџетите;
- општините[44] немаат изготвено годишни програми за работа од надлежност на општината, што не овозможува програмската класификација да се користи за идентификување на специфичните намени на буџетските средства и контрола на наменско користење на средствата согласно член 13 од Законот за буџетите. Дел од програмите не содржат финансиски показатели за реализација на планираните проекти, со што не се испочитувани начелата на сигурно финансиско управување[45];
- буџетот на општината не содржи развоен дел, согласно член 23 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа[46], односно содржи само една развојна програма[47].

### *Ангажирање на лица преку приватни агенции за вработување и договори за дело*

Општините[48] во континуитет ангажираат лица преку Приватни агенции за вработување, и лица по договор за дело за што во текот на 2022 година, исплатени се вкупно 43.894 илјади денари. Утврдените слабости во начинот и постапката на ангажирање на овие лице се прикажани на сликата што следи.

*Слика бр.13 Слабости во постапките на привремено ангажирани лица и договори за дело*




[43] Дебар, Желино и Прилеп
[44] Дебар, Врапчиште и Прилеп
[45] Новаци, Росоман
[46] Врапчиште
[47] Желино
[48] Прилеп, Струмица, Дебар, Шуто Оризари, Врапчиште и Новаци

### *Надоместоци на членовите на Советот*

Општините[49] не ги почитувале одредбите од дел 5А од Законот за плата и другите надоместоци на избрани и именувани лица во Република Северна Македонија, каде е предвидено месечниот надоместок за присуство на седниците да не се исплатува доколку Советот не одржал ниту една седница, а се намалува за 30% за секое отсуство од седница и не се исплатува доколку членот на советот не присуствувал на ниту една седница во тековниот месец. По овој основ исплатени се надоместоци на членовите на Советот, без целосна поткрепувачка документација за одржани седници и присуство на сите советници, односно и покрај евидентираните отсуства на дел од советници исплатата на надоместоците е во целосен износ.

### *Програми од областа на спортот, културата и поддршка на невладиниот сектор*

Во општините Прилеп, Струмица, Дебар, Желино, Росоман, Врапчиште и Новаци утврдивме состојби во начинот на реализирање на програмите од областа на спортот, културата, социјалната заштита, образованието и други области во надлежност на општината. Финансирани се активности на спортски клубови, физички лица и здруженија на граѓани и фондации, талентирани ученици и социјални бенефиции, кои не се во согласност со Законот за спортот и Законот за здруженија на граѓани и фондации во износ од 55.268 илјади денари.

*Слика бр.14 Слабости во финансирање на активности од области во надлежност на општината*




### *Субвенционирање на јавните претпријатија основани од општината*

По основ на субвенционирање на јавните претпријатија основани од општините[50], исплатени се средства во износ од **64.619 илјади денари**, без прецизно утврдени критериуми за субвенционирање, некомплетни барања и поткрепувачка документација од страна на претпријатијата за извршениот обем на активности, што не е во согласност со одредбите од член 37 - в од Законот за буџетите и создава можност за ненаменско користење на буџетските средства.

[49] Дебар, Шуто Оризари
[50] Прилеп и Росоман

### *Субвенционирање на социјално ранлива категорија граѓани*

Субвенционирањето на месечни трошоци за вода на социјално ранлива група на граѓани се врши без претходна контрола на статусот на корисниците на субвенција, што дава можност да се субвенционираат корисници кои немаат статус на ранлива категорија граѓани, ниту се утврдени прецизни критериуми за исплата на еднократната парична помош за егзистенцијални потреби и за лекување, која ја доделува градоначалникот на предлог на Комисијата за финансирање и буџет при Советот на општината[51].

### *Јавно приватно партнерство*

*Слика бр..15 ЈПП за реконструкција, модернизација и одржување на јавно осветлување*




Од страна на општините[52] склучени се **договори за јавно приватно партнерство за реконструкција, модернизација и одржување на јавно осветлување** во вкупна вредност од 302.127 илјади денари, но истите не се почитуваат од страна на приватниот партнер за обезбедување на документација за поставување на јавно осветлување, обезбедување на банкарски гаранции, а од страна на општините не се извршени контролни активности и утврдување на ефектот на заштеди на енергија.

### *Градежни активности во кои инвеститор е општината*

При изведување на активностите за изградба/реконструкција на улици, патишта, водоводна и канализациона мрежа, **ревидираните општини** не ги почитуваат одредбите од Законот за градење и тоа:

- за објектите, кои согласно член 57 став 2 од Законот за градење спаѓаат во втора категорија на градби, не е обезбедено одобрение за градење, што не е во согласност со член 56 од Законот за градење[53];
- општината како инвеститор, градежните активности ги изведува без изготвен проект и проектна документација, само врз техничка спецификација/премер пресметка, која содржи само единечни количини по позиции што не е во согласност со членовите 13, 43 и 48 од Законот за градење[54];
- не е изготвен извештај за извршен технички преглед од надзорен инженер со кој треба да се констатира дека градбата може да се стави во употреба, а од страна на изведувачот и општината како инвеститор, не е извршено примопредавање и не

[51] Прилеп
[52] Дебар, Врапчиште, Желино и Новаци
[53] Росоман, Струмица
[54] Новаци

е составен записник за примопредавање на изведените градби, што не е во согласност со член 36, 89 и 95 од Законот за градење[55];

- јавното претпријатие основано од општината врши надзор над изградбата иако учествувал во некоја од фазите на проектирање, ревидирање или изготвување на премер пресметка над изведената градба, што не дава уверување дека во целост ги почитувал одредбите од член 36 од Законот за градење[56].

*Користење на средствата согласно законски прописи*

За извршени поправи и одржување на јавно осветлување, реконструкција и изградба на улици и патишта и изградба на детска градинка, недостасуваат документи (проектна документација, налози за работа, одобренија за градба) за кои Општина Прилеп исплатила средства во износ од **51.313 илјади денари**. Направени се расходи без поткрепувачка документација за потрошено гориво, дневници за службено патување, ресторански услуги, поправка и сервисирање на патнички моторни возила и транспорт на луѓе за кои Општина Дебар потрошила **1.266 илјади денари** и Општина Врапчиште **3.831 илјада денари**.

### 6.2.1. Јавни набавки

Со увидот во планирањето, спроведувањето и реализацијата на постапките за јавни набавки утврдени се следните состојби:

- Во ревидираните општини[57] **без спроведена постапка за јавна набавка** набавени се стоки и услуги и извршени работи за што **исплатени се средства во вкупен износ од 10.122 илјади денари.**

Износот на средства и намената по општини се прикажани на следната слика.

*Слика бр.16 Извршени набавки без спроведена постапка за јавна набавка*




[55] Желино, Струмица, Новаци, Росоман
[56] Прилеп
[57] Врапчиште, Росоман, Струмица, Шуто Оризари

- Во **три** од ревидираните општини утврдивме слабости во делот на тендерската и техничката спецификација и тоа:
  - во делот на техничката спецификација и премер пресметката, не се утврдени количините за одделните позиции, активности кои треба да се реализираат, што не е во согласност со член 39 од ЗЈН;

    Вкупната вредност на преземени/платени обврски по склучените договори врз основа на вакви спецификации е 38.922 илјади денари.
  - во тендерската документација за предмет на бодување при оценување на елементот квалитет како критериум за избор на најповолна понуда се користат потврдите за успешно извршени работи, што не е во согласност со член 95 од ЗЈН. Вкупната вредност на склучените договори изнесува 3.786 илјади денари.

Износот на средства и намената по општини е прикажан на следната слика.

*Слика бр.17 Слабости во постапките за јавни набавки*




*Слика бр.18 Слабости во реализација на договорите за јавни набавки*




- Во **две** од ревидираните општини утврдивме слабости во делот на реализација на договорите, во однос на признаени вишоци на количини во вкупна вредност од 17.818 илјади денари, без склучен анекс на договор, што не е во согласност со член 119 став 2 и 3 од ЗЈН.

  Износот на средства и намената по општини е прикажан на сликата лево.

- Во **две** од ревидираните општини извршени се набавки под вредносните прагови предвидени со ЗЈН кои не се пријавени во кварталната евиденција на ЕСЈН, што не е во согласност со член 40 став 6 од ЗЈН.

## 6.3. Внатрешни контроли

Системот на јавна внатрешна финансиска контрола го опфаќа финансиското управување и контрола, внатрешната ревизија и нивната хармонизација, воспоставен согласно меѓународните стандарди за **внатрешна контрола и внатрешна ревизија**.

Финансиското управување и контрола, согласно Законот за јавна внатрешна финансиска контрола се воспоставува и кај општините и градот Скопје и ги опфаќа финансиските процеси на планирање, извршување, мониторинг и известување и тоа за: прибирањето на приходите утврдени со буџетот, управувањето и контролата за извршување на расходите одобрени во буџетот и заштита на средствата и обврските чија вредност е евидентирана во билансот на состојба. Градоначалникот е одговорен за управувањето со ризици, утврдување и контрола на можните настани или состојби кои имаат влијание врз целите на субјектот. Тој треба да воспостави контроли преку: процедури за овластување и одобрување, поделба на должности, правила на пристап до средствата и информациите, процедури за целосно и ажурно сметководство на сите трансакции, процедури за мониторинг, за човечки ресурси и др.

*Слика бр.19 Систем на внатрешни контроли*




Целта на финансиското управување и контрола е подобрување на финансиското управување во субјектот заради: извршување на работите на правилен, ефикасен, економичен и ефективен начин, усогласување на работите со законската регулатива и интерните акти, заштита на имотот и останатите ресурси од загуби предизвикани од лошо управување, јакнење на одговорноста при извршување на задачите и правилно евидентирање на финансиските трансакции.

Во општините **Врапчиште, Дебар, Желино, Новаци, Прилеп и Струмица** утврдивме состојби во делот на внатрешните контроли и тоа:

- системот на внатрешни контроли не е воспоставен преку пишани процедури со јасно дефинирани и разграничени надлежности и одговорности со кои ќе бидат опфатени текот на движење на документацијата за секој вид плаќање и наплата на приходите, со цел потврдување на комплетноста и веродостојноста на финансиските трансакции;
- не се назначени лица за ex-ante и ex-post контрола со верификација на извршената контрола на документацијата;
- не се назначени овластени лица за преземање на финансиски обврски и лице овластено за плаќања и
- не е назначено лице за следење на реализацијата на склучените договори за набавка на стоки и услуги.

Отсуството на внатрешни контроли создава ризик финансиските трансакции да не се извршени согласно законските прописи и да не се темелат на соодветна сметководствена документација за обезбедување на целосни, вистинити и веродостојни информации.

Внатрешната ревизија треба да обезбеди разумно објективно уверување и совет со цел за подобрување на работењето на субјектот и зголемување на ефикасноста на системите за внатрешна контрола.

Во Општините **Шуто Оризари и Росоман** не е предвидена единица за внатрешна ревизија, ниту е искористена можноста за воспоставување на меѓу општинска соработка, а во Општина **Прилеп** утврдени се состојби на несоодветна организациона поставеност на внатрешната ревизија, која треба да е функционално и организациски независна и директно и единствено одговорна на раководителот на јавниот сектор и не е извршена ниту една ревизија. Општините чиј буџет во изминатите три години не го надминува износот од 50 милиони денари, не ја користат можноста за воспоставување на меѓу општинска соработка со друга општина во делот на внатрешната ревизија.

## 7. КОРЕКЦИИ ВО ТЕКОТ НА РЕВИЗИЈАТА

### Прифатени/извршени корекции во текот на ревизијата

Во текот на ревизијата од надлежните лица на општините прифатени се корекции дадени од Државниот завод за ревизија, односно во сметководствената евиденција извршени се корекции на сметки од Билансот на состојба.

Нето ефектот од извршените корекции е зголемување на активата и пасивата за 557.768 илјади денари што е резултат на зголемување на вкупната актива и пасива во Билансот на состојба за 64.436 илјади денари во Општина Дебар, за 22.809 илјади денари во Општина Желино, за 2.432 илјади денари во Општина Новаци, за 1.750 во Општина Росоман и 466.341 илјада денари во Општина Прилеп.

## 8. ПРЕГЛЕД НА РЕВИЗИИ ОД ПРЕТХОДНИ ГОДИНИ - СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРЕПОРАКИТЕ

Ревизијата во општините[58] опфати и спроведување на вкупно 39 препораки презентирани во конечните извештаи на овластениот државен ревизор за извршените ревизии на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност во претходниот период.

Кај општините[59], спроведувањето на препораките презентирани во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор во претходниот период не беше предмет на ревизија, од причини што од последните ревизии на општините е изминат подолг временски период и настанати се промени во законската регулатива со која е уредено работењето. Во Општина Врапчиште не е извршена ревизија, ниту е издаден извештај за годините кои и претходат на годината што е предмет на ревизија.

---

[58] Прилеп и Струмица

[59] Дебар, Желино, Новаци, Росоман, Шуто Оризари

Степенот на реализација на дадените препораки кои го утврдивме со ревизиите е прикажан на следниот графикон.

*Графикон бр. 9 Статус на дадени препораки од претходната ревизија*



# 9. ПРАШАЊА ЗА НЕИЗВЕСНОСТ И КОНТИНУИТЕТ

Во овој дел ги истакнуваме прашањата чии исход зависи од идни дејствија/настани и кои може да влијаат врз финансиските извештаи или настани кои не се под директна контрола на субјектот, но може да влијаат на финансиските извештаи.

## 9.1. Судски постапки

Обрнуваме внимание дека во 2022 година, 5 ревидирани општини се тужена странка во предмети каде вкупната вредност на тужените барања изнесува 50.712 илјади денари, а во својство на тужител е една ревидирана општина во вкупен износ од 412 илјади денари.

*Слика бр. 20 Судски постапки*




Бидејќи станува збор за судски постапки што се водат пред надлежните судови, а до денот на извршување на ревизиите конечниот исход не е познат, постои неизвесност за финансиските импликации врз буџетите на општините.

## 9.2. Нагласување на прашања од значење за ревидираните општини

### Општина Желино

Во 2016 година, по Договор за заем помеѓу Меѓународната банка за обнова и развој и Република Северна Македонија, Министерството за финансии и Општина Желино имаат склучено договори за под-заеми бр.02 за реконструкција на локални патишта, училишни објекти и бр. МСИП/41 за: реконструкција на улица и изградба на атмосферска канализација, за што во текот на 2022 и 2023 година достасани се ратите во вкупен износ од 4.401 илјада денари, што дополнително ќе влијае на ликвидноста на буџетот на општината.

Општина Новаци

По склучен Договор за концесија за експлоатација на минерална суровина-јаглен на локалитетот Живојно Општина Новаци, помеѓу Владата на Република Северна Македонија-Министерство за економија како Концедент и Акционерско друштво за производство на електрична енергија Електрани на Република Северна Македонија во државна сопственост како Концесионер, со кој се уредени правата и обврските помеѓу договорните страни. Концесионерот има обврска да плаќа годишен надоместок за користење на простор, додека концесиски надоместок за продадената количина на минерална суровина треба да го плати најдоцна до 15-ти во месецот кој што следи по истекот на трите месеци кои што служат како основа за пресметка.

Во текот на 2022 година, Општина Новаци нема остварено приходи по основ на концесиски надоместок во вкупен износ од 48.349 илјади денари, поради задоцнета уплата што има влијание на остварувањето на планираните приходи во буџетот на Општината, кои за 2022 година бележат остварување од 65%.

Општина Шуто Оризари

Во делот на Нагласување за прашања за неизвесност и континуитет, ревизијата обелоденува дека во текот на 2023 година од сметката на приходи на буџет на дотации 930 исплатени се средства во висина од 3.600 илјади денари на сметката на расходи на буџет на дотации (937), кои се префрлени на правно лице со кое општината нема должничко доверителски односи.

Имајќи предвид дека средствата на сметката за приходи на буџет на дотации (930) се наменски доделени за вршење на дејноста на единките корисници на средства, ненаменското искористување на овие средства ќе има влијае врз понатамошното квалитетно и непречено работење на истите.

## 10. ОСТАНАТИ ПРАШАЊА

Државниот завод за ревизија во своите годишни извештаи во континуитет ги обелоденува системските слабости кои имаат финансиски импликации во работењето на единиците на локалната самоуправа. Со цел да се обезбеди комплетност и транспарентност во наплатата на сопствените приходи на општините, а во функција на надминување на наведените слабости, ревизијата смета дека е потребно да се изврши измена и дополнување на следните закони и подзаконски акти:

- **Закон за комуналните такси**
  - Комуналната такса за користење на улиците и патиштата со моторни возила, пропишано е да ја наплаќаат правни лица овластени за вршење на регистрација на возилата и да ја уплатуваат на соодветната уплатна сметка во рамки на трезорската сметка на општината. Во постојното законско решение не е пропишано во кои рокови правните лица треба да ја уплатат наплатената такса на сметка на општината, да имаат обврска да ја известуваат општината за бројот на регистрирани возила во зависност од кубикажата и за месечниот износ на прибраните средства поединечно и кумулативно.
  - Комуналната такса за користење и одржување јавно осветлување, за која не е пропишана обврска на трговското друштво надлежно за дистрибуција на електрична енергија кое врши наплата на таксата од имателите на броила, да ги известува општините, општините во Град Скопје и градот Скопје за бројот на обврзници по категории (број на броила) согласно тарифниот број, како и за наплатените приходи и ненаплатените побарувања по овој основ.

- **Закон за даноците на имот**

  Ревизијата ја истакнува неизвесноста во делот на примената на членот 39 од Законот за даноците на имот од неговото донесување од 2004 година, во делот на обврската за усогласување на регистарот на недвижен имот кој го водат општините, општините во Градот Скопје и Градот Скопје со регистарот кој го води Агенцијата за катастар на недвижности, а најдоцна до 31 декември во годината, податоците од состојбата на регистрите треба да ги доставуваат до Централниот регистар и до Управата за јавни приходи. За имплементација на ова законско решение потребни се одредени допрецизирања во Законот како и софтверско поврзување на надлежните органи.

- **Закон за финансирање на единиците на локалната самоуправа**

  Со Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, за финансирање на пренесените надлежности во образованието, културата, раната детска заштита и заштитата на стари лица на општините се воведени блок дотации. Владата на Република Северна Македонија донесува Уредба за методологијата за утврдување на критериумите за распределба на блок дотациите на предлог на надлежното министерство, која се базира на формула со користење на соодветни показатели на потребите за секоја програма. Уредбите секоја година се идентични и не ги одразуваат реалните потреби и стандарди со

што се доведува во прашање квалитетот на услугите на пренесените надлежности и редовно сервисирање на обврските. Од тие причини потребно е редефинирање на начинот и утврдување на критериумите за блок дотации за општините со јасна, транспарентна ефикасна и функционална формула во која ќе бидат вклучени сите видови на трошоци со реални вредности и големини, со цел воспоставување на оптимален, економичен и ефикасен систем за финансирање на пренесените надлежности на општините.

- Законот за пожарникарството

  - Согласно член 49 за финансирање на активностите на Територијалните против пожарни единици, Град Скопје и општините имаат можности за остварување на дополнителни приходи од наплатени парични казни за сторени прекршоци од областа на заштитата од пожари и експлозии, доброволни прилози и други средства од осигурителни друштва, фондации, правни и физички лица наменети за унапредување на заштитата и приходи од сопствени извори за извршени услуги. Градот Скопје и општините не остваруваат приходи по овие основи освен приходот од осигурителните друштва во износ од 2% од наплатените премии за осигурување на моторните возила и осигурување од одговорност од употреба на моторните возила за кои немаат сознание за висината на средствата кои треба да се уплатат ниту пак има законска обврска да можат да се уверат во целосноста и точноста на уплатените средства.
  - Согласно Законот за вработените во јавниот сектор, професионалните пожарникари вработени во територијалните противпожарни единици, припаѓаат на група II – работни места на службени лица со посебни овластувања, подгрупа 10 – други овластени службени лица во областа на безбедноста, одбраната и разузнавањето.

    Со Законот за пожарникарството се утврдени три категории на работни места и тоа: А - Високо раководни пожарникари спасители, Б – Раководни пожарникари спасители и В – Професионални пожарникари спасители, а платата на професионалните пожарникари согласно членот 5 на Законот е поголема за 20% од платата на другите вработени со соодветна стручна подготовка на работни места во општинската администрација. Оваа законска одредба е недоволно прецизна, имајќи во предвид дека структурата на вработените кај општините е многу различна и зависи од повеќе фактори. За надминување на утврдените состојби потребно е јасно и прецизно законско решение за утврдување на платата на професионалните пожарникари.

- Законот за постапување со бесправно изградени објекти

  По издавањето на урбанистичката согласност, единицата на локалната самоуправа има обврска во рок од пет работни дена да изготви заклучок за плаќање на надоместокот за утврдување на правен статус на бесправен објект, а обврската за плаќање на надоместокот настанува во рок од десет работни дена од денот на приемот на заклучокот или одложено на дванаесет месечни рати, со склучување на договор за одложено плаќање. Во постојното законско решение не е пропишан рокот за подигнување на заклучокот по негово изготвување и

следење на рокот за негова наплата, што влијае на наплатата на надоместокот за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти, кој претставува приход на општината.

- Закон за водите

Во член 214 од Законот за водите, предвидено е пресметување на варијабилна вредност на надоместокот за испуштање во води, која треба да се утврди во дозволата за испуштање во води врз основа на „единица на штетност", а ја пресметува лицето кое испушта непречистени отпадни води во реципиентот. Владата на предлог на министерот за животна средина и просторно планирање треба да го утврди начинот на пресметување на „единица на штетност" согласно со количината на испуштената вода, која се испушта во површинските и подземните води и начинот на плаќање на варијабилна вредност на надоместокот за испуштање во води. Имајќи во предвид дека не е донесен наведениот подзаконскиот акт, во дозволите за испуштање во води не е определена варијабилната вредност на надоместокот и истата не се пресметува и наплатува. Од тие причини, ја истакнуваме потребата од предлагање и донесување на подзаконски акт за уредување на начинот на пресметка на варијабилната вредност на надоместокот за испуштање во води, создавање услови за негова имплементација преку вклучување во дозволите и негова наплата.

# 11. ЗАКЛУЧОК

Државниот завод за ревизија изврши ревизии на финансиските извештаи за сметките на основен буџет 630 и 637 и сметки на буџет од дотации 930 и 937 со ревизија на усогласеност во девет единици на локална самоуправа.
Ревизијата опфати вкупни приходи во износ од 4.038.266 илјади денари и вкупни расходи во износ од 3.682.868 илјади денари.

Од вкупните приходи 41% се приходи на основен буџет на општините додека 59% се приходи остварени од буџет на дотации. Од вкупните расходи 38% се расходи на основен буџет на општините додека 62% се расходи остварени од буџет на дотации, што е резултат на опфатот на повеќе рурални општини.

Даночните приходи во вкупните приходи на основниот буџет на ревидираните општини учествуваат со 46%, и тоа во општините Врапчиште, Дебар, Прилеп и Шуто Оризари со над 46%, освен во Општина Желино каде нивното учество е 34%, Новаци 16% и Росоман 18%.

Најголемо учество од 33% во остварените вкупни расходи на основниот буџет имаат капитални расходи кои во однос на претходната 2021 година бележат пад од 9%, што претставува показател дека буџетските средства во 2022 година во намален обем се инвестирале во инфраструктурни објекти кои влијаат за подобар квалитет на живот на граѓаните и развој на општината. Од друга страна, стоките и услугите учествуваат со 30% од вкупните расходи на основниот буџет на ревидираните општини и во однос на 2021 година покажуваат зголемување од 32%.

Учеството на капиталните расходи во вкупните расходи е најголемо во општините Росоман 59% и Струмица 40%, додека најмало учество капиталните расходи бележи Општина Дебар. Најголемо учество на расходите за стоки и услуги бележи Шуто Оризари со 48% и Општина Врапчиште со 40% од вкупните расходи на основен буџет.

За извршените ревизии изготвивме 27 ревизорски извештаи во кои изразивме вкупно 46 ревизорски мислења од кои 27 се однесуваат на финансиските извештаи, а 19 се однесуваат на усогласеност на работењето согласно законските прописи. Од вкупно изразените мислења 26% се без резерва, 11% се со резерва, 57% се неповолни, а во 6% се воздржуваме од давање мислење. Мислењата со резерва и неповолните мислења за финансиските извештаи се изразени поради утврдени неправилности во сметководствената евиденција и финансиското известување, односно начинот на водење и евидентирање на активностите во деловните книги, пописот на имотот, побарувањата и обврските. Мислењата со резерва и неповолните мислења за усогласеноста на работењето со законската регулатива, упатства и воспоставени политики се изразени поради неправилности при планирање и реализација на буџетот, администрирањето со сопствените приходи, финансирање на одредени програмски активности и планирање и реализација на јавните набавки. Воздржување од давање мислење сме изразиле поради невоспоставена сметководствена евиденција и не изготвени финансиски извештаи.

За констатираните состојби дадовме вкупно 142 препораки, со цел преземање мерки за надминување на истите.